Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Национална установа Ансамбл на албански народни ора и песни во Република Северна Македонија
Institucioni nacional Ansambli i këngëve dhe valleve popullore shqiptare në Republikën e Maqedonisë së Veriut

Бр. - Nr. 0401-153/3
29.04 2026 год./viti
Скопје - Shkup

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА АНСАМБЛ НА АЛБАНСКИ НАРОДНИ ОРА И ПЕСНИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ

Врз основа на член 4 став (2) од Правилникот за полагање на аудиција во НУ Ансамбл на албански народни ора и песни во Република Северна Македонија бр.0201-140 од 06.06.2019 година и измена бр.0201-342/1 од 15.11.2024 година, вршителот на должноста в.д.директор на НУ Ансамбл на албански народни ора и песни во Република Северна Македонија на ден 29.04.2026 г. ја донесе следната:

## П Р О Г Р А М А

## ЗА ПРОВЕРКА НА УМЕТНИЧКИТЕ СПОСОБНОСТИ (АУДИЦИЈА) НА КАНДИДАТИТЕ ПРИЈАВЕНИ НА ЈАВНИОТ ОГЛАС БР.1/2026 ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ЧЕТИРИ (4) ИЗВРШИТЕЛИ ДРУГ УМЕТНИК ТРЕТА ГРУПА, И ТОА: ИГРАЧ (4 извршители)

## НА НЕОПРЕДЕЛЕНО РАБОТНО ВРЕМЕ

I. Програмата содржи податоци кои се задолжителни при проверка на уметничките способности на кандидатите согласно Правилникот за полагање на аудиција на НУ Ансамбл на албански народни ора и песни во Република Северна Македонија, и тоа:

1. За работно место под ред.бр.1 со Шифра КУЛ 03 04 А05 013 Друг уметник трета група - Играч кандидатите потребно е да ја изведат следната програма/зададено фолклорно народно оро од албанскиот фолклор, по следната содржина:

- Играње според демонстрација (имитација);
- Слободно оро;
- Оро со мотиви од Карадак;
- Оро со мотиви од Полог;
- Оро со мотиви од Дебар;
- Оро со мотиви од Преспа.

Комисијата за спроведување на постапката за вработување, проверката на уметничките способности на пријавените кандидати ќе ја спроведе и преку следните задолжителни критериуми, и тоа:

-играчки способности и познавање на ората од сите подрачја (Полог, Карадак, Корча, Тирана, Тропоја и др.);

-уметнички впечаток (виртуозност, музикалност, сугестивност);

-проверка на слух;

-проверка на ритам;

II. Аудицијата ќе се спроведе во две фази согласно Правилникот за полагање на аудиција на НУ Ансамбл на албански народни ора и песни во Република Северна Македонија и неговите измени.

III. Програмата за проверка на уметничките способности на кандидатите се објавува со денот на нејзиното донесување на веб страната на Националната установа Ансамбл на албански народни ора и песни во Република Северна Македонија www.ansambli-shqiptar.mk истиот ден заедно со јавниот оглас за вработување.

IV. Пријавените кандидати кои ќе ја достават целосната документација согласно објавениот оглас, од страна на Комисијата за спроведување на постапката за вработување ќе бидат известени со јавно објавување на денот, часот и местото на одржување на аудицијата преку веб страната на Националната установа, како и на контакт телефонот, и по електронски пат согласно податоците кои ќе ги наведат во својата пријава за вработување.

V. Комисијата за спроведување на постапката на вработување ќе ги оценува кандидатите согласно член 10 од Правилникот за полагање на аудиција на Националната установа Ансамбл на албански народни ора и песни во Република Северна Македонија и неговите измени.